Бр./Nr 12-176/7

07-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-5314/1 од 14.11.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Во своето надлежно постапување ДКСК утврди состојби од кои произлегуваат сомнежи за незаконско именување на службено лице /// за вд директор на Државен просветен инспекторат на РСМ, заради што до Влада на РСМ ќе се достави иницијатива за утврдување на одговорност на ВД директорот и на Комисијата за именување на Владата на РСМ.

Предметот со број 12-5314 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во е персонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5865/1 од 19.12.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско распоредување на службено лице /// на работно место инспектор во Државниот просветен инспекторат на РСМ, како и сомнежи за незаконско именување на службено лице /// за вд директор на Државен просветен инспекторат на РСМ. Од ДКСК се бара да се преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара надлежно постапување од Државен инспекторат за труд на РСМ, Државен управен инспекторат на РСМ, Министерство за образование и наука на РСМ, Влада на РСМ и од Државен просветен инспекторат на РСМ. Врз основа на добиените податоци, информации и документација, ДКСК ги утврди следните состојби:

Наводите по однос на незаконското распоредување на горе означеното службено лице за инспектор во Државниот просветен инспекторат на РСМ се потврдуваат. Посоченото службено лице, било распоредено за инспектор во Државниот просветен инспекторат на РСМ, со Решение бр. /// од /// година, донесено од тогашниот директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ, службено лице ///, меѓутоа, тоа било сторено

пред стапувањето во сила на Законот за инспекциски надзор од /// година и во тој поглед не се утврдени неправилности од страна на надлежниот управен инспектор.

Од страна на актуелниот вд директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ, службено лице /// на горе посоченото службено лице му било дадено Овластување бр. /// од /// година, со кое посоченото службено лице било овластено да ги извршува работите и работните задачи што се однесуваат на работното место Раководител на одделение за инспекциски надзор во високото образование, научните институти и студентските домови, со што се отвара сомнеж за кронизам во оваа постапка на распоредување и овластување на посоченото службено лице.

Од записникот од Државниот инспекторат за труд на РСМ со бр. /// од /// година, произлезе дека посоченото службено лице заедно со друго службено лица, ги размениле картичките за евидентирање присуство на работа, а кога тоа било на боледување, посоченото службено лице во пријавата продолжило да ја евидентира на работа. ВД директорот на Државниот просветен инспекторат на РСМ, службено лице ///, по примените писмени произнесувања од двете колешки, им изрекол писмени предупредувања и тоа писмено предупредување бр. /// од /// година на службено лице /// и писмено предупредување бр. /// од /// година, на службеното лице ///.

Понатаму, ДКСК од Владата на РСМ и од Министерство за образование и наука на РСМ, побара документација за именување на службеното лице /// за вд директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ.

Од Министерство за образование и наука на РСМ добиен е одговор во кој е наведено дека ова министерство нема никаква законска надлежност во именувањето на службеното лице /// за вд директор.

Од Владата на РСМ, се доставени само две Решенија за именување на посоченото службено лице за вд директор и тоа Решение за именување вд директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ со бр. /// од /// година, исправено со Решение за исправка на Решението за именување вд директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ бр. /// од /// година и Решение за именување вд директор на државниот просветен инспекторат на РСМ бр. /// од /// година.

Имајќи предвид дека не беа доставени докази за службеното лице /// дека ги исполнува минимални законски услови за извршување на функцијата вд директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ, ДКСК побара документација и од Државниот просветен инспекторат на РСМ.

Од анализата на податоците и информациите добиени од Државниот просветен инспекторат на РСМ, ДКСК констатира дека посоченото службено лице – вд директор на овој инспекторат има завршено високо образование – политички науки на Универзитетот на Југоисточна Европа и втор циклус на студии на истиот универзитет – јавна

администрација. Работно искуство стекнал во Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор од /// до /// година, потоа во Службата за општи и заеднички работи при Влада на РСМ од /// до /// година, а од /// година е именуван за вд директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ.

Согласно со чл. 5 ст. 3 ал. 3 и ал. 4 од Законот за просветната инспекција (Сл. весник на РМ" 52/05 ... 64/18):

*"За директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ може да биде именувано лице кое ги исполнувал следните услови:*

*3) има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование; и*

*4) има минимум 5 години педагошко работно искуство во воспитанието и образованието."*

Имајќи предвид дека работното искуство претставува време поминато на работа по стекнување на одреден степен и вид на образование и извршување на работни задачи за кои е потребен таков вид и степен на образование наведеното, ДКСК констатира дека ова службено лице не ги исполнува минималните услови, бидејќи нема минимум 5 години работно искуство во воспитанието и образованието.

Тоа се состојбите што произлегоа од сите обезбедени и изведени докази за овој конкретен случај. На вака утврдените состојби ДКСК одлучи како во диспозитивот поради следните причини:

- За злоупотреба на боледување од страна на горе посочените службени лица, не е спроведена дисциплинска постапка;

- Актуелниот вд директор на Државниот просветен инспекторат на РСМ, службено лице ///, не исполнува минимални законски услови за извршување на директорската функција.

- Комисијата за именување на Владата на РСМ е одговорна за кадровската политика од надлежност на Владата на РСМ; и дава мислење на Владата, односно поднесува предлози до Владата на РСМ за именување, назначување или разрешување од должност директор на орган на државната управа и нивни заменици.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Влада на РСМ

Изработил: м-р Д.Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**